| VAA REKONSTRUKCIJA NA GRDINKA MAJSKI CVET TAFTALI> | 111.512.000 | 28.044.758 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 111.512.000 | 28.044.758 |
| **48 KAPITALNI RASHODI** | **111.512.000** | **28.044.758** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **111.512.000** | **28.044.758** |
| 482 Drugi grade`ni objekti | 111.512.000 | 28.044.758 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 111.512.000 | 28.044.758 |
| 482930 Rekonstrukcija na drugi objekti | 111.512.000 | 28.044.758 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 111.512.000 | 28.044.758 |

# POSEBEN DEL NA ZAVR { NA SMETKA

## Nivo na: Potstavka

| Kategorija / Stavka / Potstavka — O P I S | Buxetska smetka Plan | Buxetska smetka Realiz. | Samofinansira~ka smetka Plan | Samofinansira~ka smetka Realiz. | Smetka na dotacii Plan | Smetka na dotacii Realiz. | Smetka na donacii Plan | Smetka na donacii Realiz. | Smetka na krediti Plan | Smetka na krediti Realiz. | VKUPNO Buxet | VKUPNO Realiz. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.061.771.953** | **735.804.145** | **87.603.000** | **56.788.801** | **691.053.000** | **667.642.203** | **32.155.000** | **9.751.227** | **0** | **0** | **1.872.582.953** | **1.469.986.376** |
| VAB IZGRADBA NA DETSKA GRADINKA JUODG PROLET | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 | 0 |
| **48 KAPITALNI RASHODI** | **20.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **20.000.000** | **0** |
| 482 Drugi grade`ni objekti | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 | 0 |
| 482920 Izgradba na drugi objekti | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 | 0 |

# POSEBEN DEL NA ZAVR { NA SMETKA

## Nivo na: Potstavka

| Kategorija / Stavka / Potstavka | O P I S | Buxetska smetka Plan | Buxetska smetka Realiz. | Samofinansira~ka smetka Plan | Samofinansira~ka smetka Realiz. | Smetka na dotacii Plan | Smetka na dotacii Realiz. | Smetka na donacii Plan | Smetka na donacii Realiz. | Smetka na krediti Plan | Smetka na krediti Realiz. | VKUPNO Buxet | VKUPNO Realiz. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.061.771.953** | **735.804.145** | **87.603.000** | **56.788.801** | **691.053.000** | **667.642.203** | **32.155.000** | **9.751.227** | **0** | **0** | **1.872.582.953** | **1.469.986.376** |
| X10 | RODOVA EDNAKVOST | 1.700.000 | 1.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 1.700.000 |
| **46** | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **1.700.000** | **1.700.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.700.000** | **1.700.000** |
| 464 | Razni transferi | 1.700.000 | 1.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 1.700.000 |
| 464990 | Drugi transferi | 1.700.000 | 1.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 1.700.000 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Службена белешка за не усвојување на Предлог - Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

1. Се објавува Службена белешка за не усвојување на Предлог - Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник, донесена од Претседателот на Совет на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/4**
**Датум: 11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со усвоената 4. предлог-точка на дневниот ред за работа на 10. седница на Советот на Општина Карпош, Предлог - Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник, Претседателот на Советот на Општина Карпош донесе

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување на Предлог - Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот дневен ред за работа на 10. седница на Советот на Општина Карпош, Предлог - Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник, НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека со 13 гласови ЗА, 10 гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, врз основа на што не е усвоена Предлог – Одлуката- за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник.

**Број 09-2150/7**
**Датум 10.03.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје, донесено на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/5**
**Датум: 11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024) и членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), и Барањето бр.03-41/1 од 18.02.2026 година, заверено во архивата на Општина Карпош 09-1625/1 од 18.02.2026 година, Советот на Општина Карпош на 10. седница одржана на 10 март 2026 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение се разрешува членот на управен одбор на ЈУОДГ „Орце Николов“ претставник од локалната заедница, а именуван и верификуван од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат :

- Ана Кранго Мојсоска

2. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Орце Николов“ претставник од редот на локалната заедница, Советот на Општина Карпош ја именува и верификува:

- Аца Станишева

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2150/8**
**Датум 10.03.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување, донесена на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/6**
**Датум: 11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), и Барањето за еднократна помош бр.54-1241/1 од 11.02.2026 година, на предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година, Советот на Општина Карпош, на 10. седница, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Барањето за еднократна помош бр.54-1241/1 од 11.02.2026 година, доставено од Наташа Милеска, ул.„ Константин Доксијадис “ бр.7А, Скопје-Карпош.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука во вкупен износ од 80 000,оо (осумдесет илјади ) денари да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиската поддршка Наташа Милеска имаат обврска да потпишат Договор.

**Член 4**

Барателот Наташа Милеска се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на овој Договор да ги користи наменски.

**Член 5**

Барателот е должен до општината да достави детален финансиски извештај, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури со сметкопотврди и/или фискални сметки со сметко потврди и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финансиска помош.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе решение за исплата на средствата од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2150/9**
**Датум 10.03.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување во странство**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување во странство, донесена на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/7**
**Датум:11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), Барањето за еднократна помош бр.54-1785/1 од 20.02.2026 година, на предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година, Советот на Општина Карпош на 10. седница, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување во странство**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Барањето за еднократна помош за болничко лекување во странство, бр.54-1785/1 од 20.02.2026 година, доставено од Александар Јованчев , ул.„ Јуриј Гагарин “ бр.8 , Скопје- Карпош.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука во вкупен износ од 80 000,оо (осумдесет илјади ) денари да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиската поддршка Александар Јованчев имаат обврска да потпишат Договор.

**Член 4**

Барателот Александар Јованчев се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на овој Договор да ги користи наменски.

**Член 5**

Барателот е должен до општината да достави детален финансиски извештај, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури со сметкопотврди и/или фискални сметки со сметко потврди и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финанаиска помош.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе решение за исплата на средствата од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2150/10**
**Датум 10.03.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, донесена на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/8**
**Датум:11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Карпош на 10. седница, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, опишана во Имотен лист бр.78806, КО Карпош:

- Број на катастарска парцела, основен 1227, дел 1
- Адреса: ул. „Љубљанска“ (позади Трговски центар Скопје Сити Мол)
- Број на зграда 1
- Намена на зграда Б6-2
- Влез 1
- Кат Приземје
- Број 1
- Намена на посебен/заеднички дел од зграда П
- Број на внатрешна површина во м2, 580
- Сопственост: Со Одлука донесена од Влада на РСМ за давање на трајно користење без надомест на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10.12.2019 година.

**Член 2**

Објектот дефиниран во член 1 од оваа Одлука се користи исклучиво според утврден распоред на термини, и се користи по 75 минути (еден термин).

Термините се распоредени од понеделник до сабота, со почеток од 08.00 часот до 23.00 часот. Недела и државни празници се неработни денови.

**Член 3**

Висината на надоместокот за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, за времетраење од 75 минути (еден термин) изнесува :

1) 08.00-09.15 часот - 1300,00 денари
2) 09.15-10.30 часот - 1300,00 денари
3) 10.30-11.45 часот - 1300,00 денари

4) 11.45-13.00 часот - 1500,00 денари
5) 13.00-14.15 часот - 1500,00 денари
6) 14.15-15.30 часот - 1500,00 денари

7) 15.30-16.45 часот - 2000,00 денари
8) 16.45-18.00 часот - 2000,00 денари
9) 18.00-19.15 часот - 2000,00 денари

10) 19.15-20.30 часот - 2200,00 денари
11) 20.30-21.45 часот - 2200,00 денари
12) 21.45-23.00 часот - 2200,00 денари

Утврдениот износ на надоместокот е со вклучен ДДВ.

**Член 4**

Корисникот има право да го користи објектот, во точно утврдените (бараните) термини и само за извршување на дејностите за кои што е наменет објектот (спортски игри: кошарка,фудбал,одбојка и ракомет).

**Член 5**

Доделувањето на термините за користење ќе се врши по пат на јавен повик.
Со јавниот повик поблиску ќе се уредат начинот на спроведување на постапката, условите и критериумите.

**Член 6**

Постапката по јавниот повик за доделување на термините ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 7**

По исклучок, Градоначалникот на Општина Карпош може, времено, со или без надоместок, да даде на користење термини, по барање од:

1) Владата и министерство;
2) Организатор на меѓународен или хуманитарен настан;
3) Спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго правно лице од областа на спортот и организатор на спортска манифестација што се одржува во Општина Карпош;
4) Локалниот младинскиот совет на Општина Карпош;
5) Советот на Општина Карпош или Синдикат на општинската администрација на Општина Карпош;

6) Општински сојуз на училишен спорт на Општина Карпош (ОСУСОК)
7) Училишни спортски клубови на Општина Карпош
8) Федерација на училишен спорт на Македонија
9) Училишни спортски игри во организација на Општина Карпош
10) Спортско – рекреативни и културно – забавни настани во организација на Општина Карпош и
11) Друго.

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи при Општина Карпош, по спроведената постапка и донесена одлука за избор, да изготви договори за користење на просторот со избраните корисници, во времетраење најдмногу до три месеци.

Договорот може да се продолжи со склучување на анекс на договор, пред истекот на рокот на неговото важење, доколку корисникот уредно ги исполнува договорните обврски и доколку продолжувањето е во интерес и поволно за општината.

**Член 9**

Се овластува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Член 11**

Со стапување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр.09-4607/15 од 15.05.2025 година.

**Број 09-2150/11** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум 10.03.2026 година** НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** **Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, Скопје, донесена на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/9**
**Датум:11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21),Советот на Општина Карпош на 10. седница, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, опишана во Имотен лист бр.78806, КО Карпош:

- Број на катастарска парцела, основен 1227, дел 1
- Адреса: ул. „Љубљанска“ (позади Трговски центар Скопје Сити Мол)
- Број на зграда 1
- Намена на зграда Б6-2
- Влез 1
- Кат Приземје
- Број 1
- Намена на посебен/заеднички дел од зграда П
- Број на внатрешна површина во м2, 215
- Сопственост: Со Одлука донесена од Влада на РСМ за давање на трајно користење без надомест на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10.12.2019 година

**Член 2**

Објектот дефиниран во член 1 од оваа Одлука се користи исклучиво според утврден распоред на термини, и се користи по 75 минути (еден термин).

Термините се распоредени од понеделник до сабота, со почеток од 08.00 часот до 23.00 часот. Недела и државни празници се неработни денови.

**Член 3**

Висината на надоместокот за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, за времетраење од 75 минути (еден термин) изнесува:

1) 08.00-09.15 часот - 1300,00 денари

2) 09.15-10.30 часот - 1300,00 денари
3) 10.30-11.45 часот - 1300,00 денари
4) 11.45-13.00 часот - 1300,00 денари

5) 13.00-14.15 часот - 1500,00 денари
6) 14.15-15.30 часот - 1500,00 денари
7) 15.30-16.45 часот - 1500,00 денари
8) 16.45-18.00 часот - 1500,00 денари

9) 18.00-19.15 часот - 1800,00 денари
10) 19.15-20.30 часот - 1800,00 денари
11) 20.30-21.45 часот - 1800,00 денари
12) 21.45-23.00 часот - 1800,00 денари

Утврдениот износ на надоместокот е со вклучен ДДВ.

**Член 4**

Корисникот има право да го користи објектот, во точно утврдените (бараните) термини и само за извршување на дејностите за кои што е наменет објектот (боречки спортови, фолклор, модерни танци, аеробик, пилатес и сл. активности).

**Член 5**

Доделувањето на термините за користење ќе се врши по пат на јавен повик.
Со јавниот повик поблиску ќе се уредат начинот на спроведување на постапката, условите и критериумите.

**Член 6**

Постапката по јавниот повик за доделување на термините ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 7**

По исклучок, Градоначалникот на Општина Карпош може, времено, со или без надоместок, да даде на користење термини, по барање од:
1) Владата и министерство;
2) Организатор на меѓународен или хуманитарен настан;
3) Спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго правно лице од областа на спортот и организатор на спортска манифестација што се одржува во Општина Карпош;
4) Локалниот младинскиот совет на Општина Карпош;
5) Советот на Општина Карпош или Синдикат на општинската администрација на Општина Карпош;
6) Општински сојуз на училишен спорт на Општина Карпош (ОСУСОК)
7) Училишни спортски клубови на Општина Карпош

8) Федерација на училишен спорт на Македонија
9) Училишни спортски игри во организација на Општина Карпош
10) Спортско – рекреативни и културно – забавни настани во организација на Општина Карпош и
11) Друго.

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи при Општина Карпош, по спроведената постапка и донесена одлука за избор, да изготви договори за користење на просторот со избраните корисници, во времетраење најдмногу до три месеци.

Договорот може да се продолжи со склучување на анекс на договор, пред истекот на рокот на неговото важење, доколку корисникот уредно ги исполнува договорните обврски и доколку продолжувањето е во интерес и поволно за општината.

**Член 9**

Се овластува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Член 11**

Со стапување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр.09-4607/16 од 15.05.2025 година.

**Број 09-2150/12** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум 10.03.2026 година** НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** **Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за користење на хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за користење на хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје , Скопје, донесена на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/10**
**Датум:11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Карпош на 10. седница, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за користење на хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за користење на хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, опишана во Имотен лист бр.78806, КО Карпош:

- Број на катастарска парцела, основен 1227, дел 1
- Адреса: ул. „Љубљанска“ (позади Трговски центар Скопје Сити Мол)
- Број на зграда 1
- Намена на зграда Б6-2
- Влез 1
- Кат Приземје
- Број 1
- Намена на посебен/заеднички дел од зграда П
- Сопственост: Со Одлука донесена од Влада на РСМ за давање на трајно користење без надомест на Општина Карпош бр.45-7463/2 од 10.12.2019 година.

**Член 2**

Висината на надоместокот за користење на хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, за времетраење од 60 минути (еден термин) изнесува 300,00 денари.

**Член 3**

Корисникот има право да го користи објектот, во точно утврдените термини и само за извршување на дејностите за кои што е наменет холот (за пинг понг).

**Член 4**

Доделувањето на термините за користење ќе се врши по пат на јавен повик.
Со јавниот повик поблиску ќе се уредат начинот на спроведување на постапката, условите и критериумите.

**Член 5**

Постапката по јавниот повик за доделување на термините ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 6**

Се задолжува Секторот за правни работи при Општина Карпош, по спроведената постапка и донесена одлука за избор, да изготви договори за користење на просторот со избраните корисници, во времетраење од три месеци.

Договорот може да се продолжи со склучување на анекс на договор, пред истекот на рокот на неговото важење, доколку корисникот уредно ги исполнува договорните обврски и доколку продолжувањето е во интерес и поволно за општината.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2150/13** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум 10.03.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за формирање Локален Совет за превенција на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за формирање Локален Совет за превенција на Општина Карпош, Скопје, донесена на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/11**
**Датум:11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), член 11, став 3 и член 25, став 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21, 89/22, 160/25, 258/25 и 15/26), и член 38-ѕ од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/26), Советот на Општина Карпош на 10. седница, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање Локален Совет за превенција на Општина Карпош**

**Член 1**

Се формира Локален Совет за превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработката и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

**Член 2**

Целта на Локалниот Совет за превенција се состои во изградба за заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Карпош, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Член 3**

Во Локалниот совет за превенција, на покана од Општина Карпош, учествуваат претставници од локалната и централната власт, како и од различни владини и невладини организации и други релевантни субјекти, кои по потреба се вклучуваат во работата на советот.

**Член 4**

Со Локалниот Совет за превенција заседава Градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски.

Претставници во Советот од член 1 на оваа одлука се:

Александар Маркоски – Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство на Северна Македонија,
Стефан Тасевски – Командир на Полициска станица од општа надлежност Карпош
Милорад Јосифовски – Помошник Командир на Полициска станица од општа надлежност Карпош,

Катерина Стојкова – Главен инспектор за превенција, Одделение за превенција при СВР Скопје,
Тони Јаревски - Пратеник во Собранието на Република Северна Македонија,
Христо Саракинов – Претседател на Советот на Општина Карпош,
Адријана Јакимовска Панчевска,Член на Советот на Општина Карпош,
Добрила Андоновска,Член на Советот на Општина Карпош,
Славко Митевски,Член на Советот на Општина Карпош,
Татјана Стојановска,Член на Советот на Општина Карпош,
Вера Бужаровска,Член на Советот на Општина Карпош,
Мирјана Јордановска Ставревска – претставник од Министерството за образование и наука,
Весна Блажевски Синадинова - административен службеник во Министерството за здравство,
Оливер Бошковски – дипломиран социјален работник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје,
Наташа Никифоровиќ – советник за планирање и за други стручни и протоколарни задачи во Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи ,
Васко Милосиевски- советник од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно Одделение Карпош
Ранко Петровиќ-претставник од радио медиуми.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Член 3**

Со стапување на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за реформирање на Локален совет за превенција и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за реформирање на локален совет за превенција бр. 09-4488/11 од 07.06.2023 година.

**Број 09-2150/14** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 10.03.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за заловување на кучиња на територија на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за заловување на кучиња на територија на Општина Карпош, донесена на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/12**
**Датум:11.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23), Советот на Општина Карпош на 10. седница, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за заловување на кучиња на територија на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес при заедничко вршење на работи од заедничка надлежност која се однесува на заловување и собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини на подрачјето на Општина Карпош, согласно Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во Градот Скопје за заловување на кучиња на територија на Град Скопје бр.27-9994/1 од 22.12.2020 година.

**Член 2**

Општина Карпош и Градот Скопје во остварувањето на меѓуопштинската соработка утврдена во член 1 од оваа одлука, заедничката надлежност, која се однесува на заловување и собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини на подрачјето на Општина Карпош, ќе ја вршат на начин утврден со оваа одлука.

Градот Скопје ќе учестувува во меѓуопштинската соработка со обезбедување трајно и квалитетно вршење на заедничката надлежност утврдена во член 1 на оваа одлука на целото подрачје на градот Скопје преку Јавното претпријатие Лајка - Скопје и со предвидени финансиски средства за таа намена кои се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје за секоја буџетска година.

Општина Карпош ќе учествува во меѓуопштинската соработка со предвидени финансиски средства во износ од 2.000.000,00 денари поединечно за намената утврдена во член 1 од оваа Одлука, кои се обезбедуваат во Буџетот на Општина Карпош за секоја буџетската година при што Општина Карпош ќе ги уплатува на сметка на ЈП Лајка на 12 еднакви месечни рати во износ од 166.667,00 денари.

Освен за 2026 година, Општина Карпош ќе уплати вкупно 1.666.670,00 денари на сметката на ЈП Лајка, распределени во 10 еднакви месечни рати од по 166.667,00 денари.

**Член 3**

Времетраењето на заедничкото вршење на работите од заедничка надлежност и превземањето на обврските кои произлегуваат од меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје се утврдува за целиот временски период на правна сила на оваа одлука.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје и Директорот на јавното претпријатие, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, во кој поблиску ќе се уредат прашањата за начинот и условите за вршење на заедничката надлежност, начинот на исплата на финансиските средства и други прашања од значење за меѓуопштинската соработка.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2150/15**
**Датум 10.03.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за давање согласност за аплицирање на јавен повик„Повелба на градоначалници на Југоисточна Европа – Зелени шампиони 2026 година“, со проект за поставување на фотоволтаичен систем за добивање на електрична и топлинска енергија за спортски објект "Наум Наумовски Борче", познат како сала Партизан**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за аплицирање на јавен повик„Повелба на градоначалници на Југоисточна Европа – Зелени шампиони 2026 година“, со проект за поставување на фотоволтаичен систем за добивање на електрична и топлинска енергија за спортски објект "Наум Наумовски Борче", познат како сала Партизан, донесена на 10. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2493/13**
**Датум:10.03.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош на 10. седница, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за аплицирање на јавен повик„Повелба на градоначалници на Југоисточна Европа – Зелени шампиони 2026 година“, со проект за поставување на фотоволтаичен систем за добивање на електрична и топлинска енергија за спортски објект "Наум Наумовски Борче", познат како сала Партизан**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Карпош дава согласност за аплицирање на јавниот повик „Повелба на градоначалници на Југоисточна Европа – Зелени шампиони 2026 година“, со проект за имплементирање на мерки за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија за спортски објект "Наум Наумовски - Борче" позната како сала Партизан за поставување на фотоволтаичен систем за добивање на електрична и топлинска енергија.

Краен рок за аплицирање на повикот е 24 март 2026 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2150/16**
**Датум 10.03.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов с.р.**

СОДРЖИНА


1. Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година и Годишна сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
2. Завршна сметка на буџетот на Општина Карпош за 2025 година, со Решение за објавување
3. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, со Решение за објавување
4. Службена белешка за неусвојување на Предлог-Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник, со Решение за објавување
5. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување
6. Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување, со Решение за објавување
7. Одлука за одобрување финансиски средства како финансиска помош за лекување во странство, со Решение за објавување
8. Одлука за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, со Решение за објавување
9. Одлука за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, со Решение за објавување
10. Одлука за давање согласност за користење на хол за пинг понг – дел од спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, со Решение за објавување Одлука за формирање Локален Совет за превенција на Општина Карпош, со Решение за објавување
11. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за заловување на кучиња на територија на Општина Карпош, со Решение за објавување
12. Одлука за давање согласност за аплицирање на јавен повик„Повелба на градоначалници на Југоисточна Европа – Зелени шампиони 2026 година“, со проект за поставување на фотоволтаичен систем за добивање на електрична и топлинска енергија за спортски објект "Наум Наумовски Борче", познат како сала Партизан, со Решение за објавување



Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Никола Русински бр.11
Тираж: 30 примероци